Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 69/0306
01.03 20 19 год.
Скопје

27.02.2019

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 26 февруари 2019 година, врз основа на примена жалба од Зоран Азманов, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**Во најавната шпица за емисијата „Македонски инсајдер“, емитувана на Телевизија „1ТВ“, прекршен е Кодексот на новинарите во членовите 1, 13 и 16.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 15 февруари 2019 година, бизнисменот Зоран Азманов, поднесе жалба која се однесува на најавната шпица (форшпан) за емисијата „Македонски инсајдер“, емитувана на Телевизија „1ТВ“ (www.1tv.mk).

Во жалбата се посочува дека најавната шпица за емисијата содржи неточно и нефер известување, незастапена втора страна, навреда и рекламирање и спонзорирање и дека го нарушува правото за презумција на невиност и заштита на сведоци.

Подосителот на жалбата, Зоран Азманов, посочува дека, со најавната шпица, 1ТВ грубо го прекршила новинарскиот кодекс и етика и дека неговото име се споменува без никаква основа. Азманов смета дека, на тој начин, директно е нарушен неговиот углед, чест и достоинство, со тоа што медиумот го најавил како мафијаш пред целата македонска јавност. Тој забележува дека никој од редакцијата не го го побарал и не му дал можност да одговори на обвинувањата.

*„Тоа што го користат и скандализираат моето име веќе цел месец за рекламирање на претстојната емисија, без да ми се даде можност збор да кажам или да доставам било каков доказ во своја одбрана е крајно нечесен однос на еден медиум и спротивно на новинарскиот код“,* вели Азманов во поднесената претставка.

Тој, меѓу другото, наведува дека стапил во контакт и со уредникот на „1ТВ“, Ацо Кабранов, а потоа и со сопственикот Бојан Јовановски, кој, како што обвинува Азманов, му побарал 50 илјади евра или стан за да се средела работата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „1 ТВ“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од телевизијата не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1, 13 и 16.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

***Член 16:*** *„Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различностите на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги своите колеги“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 26 февруари 2019 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши детален увид во спорната содржина. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, констатираа дека се работи за најавна шпица (форшпан) за емисијата „Македонски инсајдер“, која секојдневно почнува да се емитува на програмата на „1ТВ“ од 15 јануари 2019 година до самиот почетокот на првото издание на емисијата, 17 февруари. Во тој период од еден месец, името на подносителот на жалбата, Зоран Азманов, се споменува во контекст на градежната мафија, како вовед за изданието на емисијата, насловено „Досие 003 – Мафија на квадрат“:

* „Што стои зад секој квадрат на македонската градежна мафија?“
* „На кој начин градежната мафија и денес соработува со локалната власт?“
* **„Што се крие зад името Зоран Азманов?“,** се дел од дилемите што ги отвора „1ТВ“ во најавата за емисијата.

Членовите на Комисијата заклучија дека слободата на говор е неприкосновена и дека темата поврзана со градежната мафија има широк јавен интерес. Но, во исто време, Комисијата се согласи дека Телевизија „1ТВ“ требало, но не ги контактирала сите засегнати страни, односно, во случајов, бизнисменот Азманов. Ова, уште повеќе, што неговото име цел месец се споменува во рамките на најавата за серијал истражувачки стории, во кој, подносителот на жалбата, недвосмислено, е ставен во негативна конотација, а јавноста е оставена во исчекување и во позиција да не може да ги согледа фактите еден месец пред објавувањето на информацијата. Ваквата информација е нецелосна, зашто бизнисменот Азманов е изземен од можноста да го каже својот став и да одговори на конкретни прашања,

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

пред медиумскиот производ воопшто да биде објавен. Медиумот имал доволно време да го направи тоа, со оглед дека се работи за истражувачка сторија.

Оттука, Комисијата најде дека со најавната шпица е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите. Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати страни да го кажат своето мислење. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците се морални императиви на новинарот и, затоа, тој е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Понатаму, Комисијата се согласи дека во новинарскиот производ е прекршен и членот 13 од Кодексот на новинарите, според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Членовите на Комисијата во најавната шпица на емисијата препознаа елементи на сензационализам и тенденциозен обид на медиумот да се впушти во оценување, односно коментирање дали некој можеби е криминалец и мафијаш. Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегнат дезинформирање и манипулации.

Комисијата, во продолжение, базирајќи се и на горенаведените начела, од кои отстапил медиумот, утврди дека во најавната шпица за емисијата се забележува и извесен тенденциозен обид медиумот да се пресмета со бизнисменот Азманов. Оттука, Комисијата најде дека е прекршен и членот 16 од Кодексот на новинарите, „Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија...и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности...“. Таквото однесување не само што го намалува нивниот интегритет и достоинство, туку ја урива и репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови ја донесе оваа одлука.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Телевизија „1 ТВ“ (www.1tv.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595